РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Воена Академија Скопје-придружна членка-
Бр. 07-32/11
05-05-2023 20 год.
СКОПЈЕ

# ОГЛАС

*за Еразмус + КА1 мобилност за наставници и персонал од Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје, во академската година 2022/2023*

**Огласот е објавен на ден: 05.05.2023 година**
**Огласот трае: до 22.05.2023 година започнувајќи од 06.05.2023 година**

Во рамките на Еразмус+ програмата – клучни активности 1 (MK Skopje 20) и договор за грант број 2022-1-MK01-KA131 HED-0000531134, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје, на ден 05.05.2023 година го објавува ОГЛАСОТ за доделување на финансиски средства на наставници и персонал за мобилност со цел престој во странство согласно програмата КА1 – клучна активност 1 во делот за „наставни и тренинг мобилности за наставници и персонал“ во програмата 2022/2023 за периодот најрано од 25.05.2023 година до најдоцна 20.07.2023 година, односно за летниот семестар во академската 2022-2023 година.

Целта на престојот во странство е наставна и тренинг мобилност за наставници и персонал.

Основната цел на Еразмус+ наставната и тренинг мобилност е стекнување на дополнителни искуства во предавања на други партнерски високошколски установи и практични знаења и дополнителна кратка обука на персоналот на Воената академија на други универзитети, Воени академии и високошколски установи во Европската унија, стекнување на нови знаења, размена на контакти и поврзување со наставниот и друг персонал од други универзитети.

Мобилноста со цел остварување на наставни и тренинг мобилности и размена возможно е да се оствари во високообразовни институции со кои Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје има потпишано Еразмус+договори.

Конкурсот е отворен за 3 (три) мобилности за наставнички кадар и 2 (две) мобилности за персонал. Селектираните кандидати треба сами да воспостават контакт со институцијата и да добијат писмо за прифаќање. Должината на извршувањето на мобилност е најмалку 3 (три), а најмногу 5 (пет) дена.

Износот на финансиските средства за поддршка на персоналот кои ќе одат на реализација на наставни и тренинг мобилност зависи од предвидените средства за државата во која одат на мобилност и времетраењето на мобилноста, а државата за која аплицираат, како и областа за наставни мобилности, персоналот ќе ја наведе во апликацијата по конкурсот.

Критериуми за апликација:

- На огласот можат да се пријават сите наставници и персонал на Воената академија кои се во редовен работен однос;

- Предност имаат кандидатите кои првпат аплицираат на програмата и/или се вклучени во потпишување на нови или обнова на интер-институционални договори и развој на соработката со други Универзитети во рамките на Еразмус+ програмата.

-Временски период за реализација на мобилностите за наставниците и персоналот:
**од 25.05.2023 до 20.07.2023 година**

-Документот **Пријавен образец за персонал** за пријава по огласот е *задолжителен дел од Огласот.*

**Пријавата за мобилност на наставници и персонал треба да содржи:**
1.Пополнет Пријавен образец (може да се добие од координаторот на програмата или од деловодството на ВА)
2.Копија од државјанство
3.Копија од важечка патна исправа (пасош)

**Рок за пријава:**

**22.05.2023 година**

Пријавните обрасци и со нив во прилог бараните документи да се доставaт преку деловодство на Воената академија со назнака:

До Еразмус+ канцеларија на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски"-Скопје

На личност на доцент д-р Љупчо Шошоловски или м-р Елена Трајановска, за Еразмус+ КА1 Оглас со рок 22.05.2023 година

-Напомена: Неисправно пополнетите пријавни обрасци, непотпишаните пријави и пријавите со непотполна документација, како и оние доставено по завршувањето на рокот нема да бидат земени во пред вид за разгледување и ќе се сметаат за неважечки.

Еразмус + канцеларија
Воена Академија
„Генерал Михаило Апостолски" – Скопје

Д Е К А Н
полковник
д-р Митко Богданоски, ред. проф.,